Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 28.09.2019

На 28.09.2019 во 02,45 часот полициски службеници од СВР Скопје од улицата “Козле‟ го лишиле од слобода М.Т.(31) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана и прашкаста материја. Тој бил приведен во Полициската станица Карпош и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.09.2019 во 16,00 часот на Граничниот премин Долно Блаце од слобода бил лишен Б.Ш.(65) од Р.Косово, поради постоење основи на сомнение за

сторени кривични дела,,фалисификување на исправа′′ и ,,употреба на исправа со невистинита содржина′′ на сериски број на патничкото возило,,голф′′ со косовски национални ознаки. Б.Ш. бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Чаир за понатамошна постапка.

На 27.09.2019 во 21,40 часот во Полициско одделение Жеровјане биле лишени од слобода Р.А.(21), И.А.(20) и Ч.Б.(19) сите од Тетово кај кои во с.Стенче,тетовско при преглед на патничко моторно возило со тетовски регистарски ознаки управувано од Р.А. во кое како сопатници биле И.А. и Ч.Б., била пронајдена и одземена марихуана.По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.09.2019 во 14,50 часот било пријавено дека на автопатот Скопје-Штип во близина на надвозник за исклучок Кочани М.В.(38) од Скопје управувајќи патничко моторно возило "опел антара" со скопски регистарски ознаки изгубила контрола над истото и удрила во метална заштитна ограда. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката Е.В.(30) од Скопје која била пренесена во клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Штип.

На 27.09.2019 во 20,00 часот било пријавено дека на улицата „Митрополит Теодосиј Гологанов" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „рено лагуна" со скопски регистарски ознаки, управувано од К.Л.(57) од Скопје, и моторцикл „пиаџо" со скопски регистарски ознаки, управуван од В.П.(35) од Скопје. Во незгодата моторциклистот се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.09.2019 во 08,30 часот во Полициската станица Кисела Вода М.М.(44) од Скопје пријавил дека на улицата "Наум Охридски" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

На 27.09.2019 во 21,00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров И.Т.(41) од Скопје пријавил дека во с. Волково бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

РЦ Југ поднесе кривична пријава против Е.Ш(34) од Р.Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело„напад на службено лице при вршење работи на безбедноста". На 26.09.2019 во 22,35 часот Е.Ш. физички нападнал полициска службеничка од Р.Полска дел од мешовит состав на патрола од Граничната полиција при спроведување на редовни работни задачи во реонот на с.Куртамзали,валандовско.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ф.М.(25) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурзори". На

20.09.2019 на ул.,,Душан Јовески" во Кичево полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 26.09.2019, С.М.(33) од Дебар, пријавил дека при изведување градежни работи во нива, негова сопственост лоцирана во селото Тараник, пронајдена е ескплозивна направа-граната од Втора светска војна. Од овластено лице од Дирекцијата за заштита и спасување,преземени се безбедносни мерки за подигање на гранатата.

На 27.09.2019 во 12,00 часот во Полициската станица Центар Д.Д.(25) од Скопје пријавил дека на булеварот "Климент Охридски" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 27.09.2019 во 15,00 часот во СВР Битола, Д.Х.(28) од Битола, вработен во Центарот за зависници од дрога во Битола, пријавил дека истиот ден околу 10,40 часот, додека бил на своето работно место дошла Ј.П. пациентка во центарот и барала поголемо количество на метадон од дозволеното по што физички го нападнала Д.Х..Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2019. во 01,00 ч. во СВР Битола, Е.Б.(26) од Битола пријавил дека на 26.09.2019 околу 22,00 часот на ул. Љубојно по претходна расправија бил физички нападнат од Р.Р.(22), Е.Х.(18), С.Н., И.Н. и двајца 16 годишни малолетници сите од Битола.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2019 во 09,30 часот во СВР Тетово било пријавено од вработен во ЕВН дека додека тој и неговиот колега Д.С.(43) од с.Милетино изведувале работи на отстранување на дефект од далновод во близина на с.Џепчиште-тетовско Д.С. паднал и починал на местото на настанот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Тетово.

На 27.09.2019 во 18,00 часот во Полициска станица Гостивар, Л.Ч.(48) од Гостивар пријавил дека истиот ден околу 14,50 часот во Гостивар, во средното општинско училиште во Гостивар неговиот 17 годишен син и уште еден 17 годишен малолетник по претходна расправија биле физички нападнати од повеќе лица.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2019 во 13.00 часот во Полициска станица Центар, З.З.(44) од Скопје пријавил дека на 26.09.2019 околу 19,00 часот на ул.„Д.Чуповски", три лица извршиле разбојништво врз неговиот 16 годишен син, при што му одземале рачен часовник. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2019 во 08,40 часот било пријавено дека на булеварот „Србија" во Скопје, во близина на железничкиот мост, товарно моторно возило „МАН" со приколка со скопски регистарски ознаки, управувано од К.Р.(40) од Велес, удрило во пешакот Ј.Љ.(61) од Скопје кој починал на местото на настанот.

Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е дадено за обдукција.

На 28.09.2019 во 04,00 часот во Полициска станица Прилеп, С.Д.(43) од Прилеп, пријавил дека истиот ден околу 03.30 часот пред угостителски објект бил физички нападнат од неколку лица. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.09.2019 околу 00,10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.Стив Наумов, Е.А(30) и двајца 16 годишници сите од Скопје, кои биле под дејство на алкохол, физички го нападнале В.Д.(20) од Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2019 во 22,00 часот во СВР Скопје, С.К.(22) од с.Кучевиште,скопско пријавил дека на 16.09.2019 околу 00,30 часот во угостителски објект во с.Кучевиште физички бил нападнат од И.П.(23) од с.Кучевште кој и претходно му се заканувал, по што во близина на домот на Ј.К.(20) од с.Кучевиште кој бил заедно со С.К. пријавениот дошол со возило и испукал неколку куршуми од огнено оружје, по што го напуштил местото на настанот.Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2019 во 14,00 часот во Полициска станица Бит Пазар, М.Д.(52) од Скопје пријавил дека на бул. К. Ј. Питу едно лице извршило разбојништво врз неговиот 17 годишен син при што му биле одземени лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.09.2019 во 18,30 часот во СВР Скопје, Е.Ш.(40) од Скопје пријавил дека истиот ден неговата малолетна ќерка М.Ш. од Скопје заминала од дома, а според пријавителот и претходно неколку пати се оддалечувала од домот. Според него таа е заедно со С.А. од с.Кадино. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

(http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)